РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0302-105/1
13.04 2023 год.

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), а по овластување на Директорот на Бизнис академија Смилевски- БАС, постапувајќи по Барањетото за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер , Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 13.04.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] со место на живеење на ул. [redacted] бр. [redacted] поднесено до Бизнис академија Смилевски - БАС, заведено под бр. 0302-104/1 од 12.04.2023 година СЕ УВАЖУВА.

2. Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје позитивно одговара на Барањето и го информира барателот дека:

2.1 Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје нема пратено студенти што заминале на студентска размена или друга форма на престој на студенти во Кина во период од 2015 година до денес.

2.2 Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје нема пратено професори и друг кадар на привремен престој во Кина во период од 2015 година до денес.

2.3 Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје нема склучено Договори, меморандуми или други документи за соработка со кинески универзитети, истражувачки центри или кинеската држава до сега.

*образложение*

[redacted] со место на живеење на ул. [redacted] бр. [redacted] до Бизнис академија Смилевски - БАС, Скопје преку е-маил, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш бр. 0302-104/1 од 12.04.2023 година, со кое бара преку е-маил да му биде споделен препис, фотокопија, електронски запис или друг одговор на поставените прашања:

1. Има ли податоци Бизнис Академија Смилевски БАС-Скопје за тоа колкав е бројот на студенти од вашиот универзитет коишто заминале на студентска размена или друга форма на престој во Кина на годишно ниво за периодот од 2015 година до денес?
2. Има ли податоци Бизнис Академија Смилевски БАС-Скопје за тоа колкав е бројот на професори и друг кадар од вашиот универзитет коишто заминале на привремен престој во Кина во периодот од 2015 година до денес?
3. Има ли податоци Бизнис Академија Смилевски БАС-Скопје за тоа колкав е бројот на склучени договори, меморандуми или други документи за соработка помеѓу вашиот универзитет и кинески универзитети, истражувачки центри или кинеската држава досега? Дали би можеле да го добиеме вкупниот број на вакви склучени договори за соработка, која

година се склучени тие и кои се целите и активностите предвидени со ваквите договори за соработка?

Постапувајќи по ова Барање за пристап до информации од јавен карактер, Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје ве информира дека Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје нема пратено студенти што заминале на студентска размена или друга форма на престој на студенти во Кина во период од 2015 година до денес. Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје нема пратено професори и друг кадар на привремен престој во Кина во период од 2015 година до денес. Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје нема склучено Договори, меморандуми или други документи за соработка со кинески универзитети, истражувачки центри или кинеската држава до сега.

Врз основа на горенаведеното Бизнис Академија Смилевски – БАС нема преписи, фотокоипии, електронски записи или било каков друг документ на преписки за бараните податоци.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во реок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Директор на БАС

Проф. д-р Маја Кузмановска

Овластено лице за информации од јавен карактер

МБА Наташа Коцевска

Доставено до:

- Барателот на информација
- Архивата на БАС